Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на Р.С Македонија бр. 101/2019) и член 88 од Законот за општа управна постапка (Сл. Весник на Р.С Македонија бр.124/2015), а согласно барањето број 03-2133/1 од 11.11.2021 година, го носам следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се одобрува барањето број 03-2133/1 од 11.11.2021 година, поднесено од страна на А.Т, студент на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и Ф.С, студент на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, во кое се бара листа на запишани студенти Роми на Економски факултет – Скопје, според националната или дополнителната квота од вкупниот број на запишани студенти во академската 2021/2022 година, вклучувајќи го и бројот на запишани студенти Роми во државната и приватна квота.

**Образложение**

Лицата А.Т и Ф.С, на ден 11.11.2021 година поднесоа Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер на Економски факултет – Скопје со број 03-2133/1.

Согласно Законот за слободен простап до информации од јавен карактер и согласно Законот за заштита на личните податоци, информираме дека во академската 2021/2022 година, е запишан **еден студент со Ромска националност, на департманот Сметководство и ревизија, со кофинансирање**.

Решението е донесено врз основа на поднесено барање од лицата А.Т и Ф.С бр. 03-2133/1 од 11.11.2021 година.

Согласно поднесеното Барање број 03-2133/1 од 11.11.2021 година, информацијата ќе биде доставена по електронски пат, на наведените e-mail адреси.

По еден примерок од Решението да се достави до:

- **Барател на информација од јавен карактер;**
- Службено лице за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Архивата на Факултетот.

**Поука**: Против ова Решение барателот на информација има право на жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на истото.

Изработил:
Службено лице за остварување
на правото на слободен пристап
до информации од јавен карактер
Кристина Кушевска

**ДЕКАН**

Проф. д-р Предраг Трпески